**Година 2005, ноември, број 44**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Веќе се во тек или престојат првите проверки на знаење. И останатите активност се во полн тек.

## НАГРАДА

Со особено задоволство Ве информираме дека наградата "13 Ноември" на Градот Скопје од областа на науката им е доделена на проф. д-р Владимир Дуковски и доц. д-р Глигорче Вртаноски од Машинскиот Факултет во Скопје.

Наградата е добиена за истражувањата во областа на примената на алтернативните материјали во современите носечки структури и за трудот "Примена на полимерните бетони во машинските конструкции".

***Искрени честитки и желби за понатамошни успеси во кариерата*!**

## НОМИНАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНАТА НАГРАДА "J&E HALL GOLD MEDAL" НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Европската асоцијација "Eurammon" со седиште во Франкфурт поднесе предлог за номинација на проф. д-р Ристо Цицонков за меѓународната награда "J&E Hall Gold Medal" што ја доделува Институтот за Ладилна Техника на Велика Британија. Оваа меѓународна награда се оценува како највисоко признание што се доделува во светот во соодветната област.

Номинацијата е прифатена од страна на Британскиот Институт, и без обзир на крајниот резултат, оваа номинација претставува огромен успех за проф. Цицонков, но истовремено и голема меѓународна афирмација на МФС и на Република Македонија.

## ПРЕДАВАЊЕ

Проф. д-р Тодор Нешков, декан на Машинскиот Факултет при Техничкиот Универзитет во Софија, Р. Бугарија, на 16.11.2005 на МФС одржа предавање на тема: "Нови аспекти на Мехатрониката, светски состојби во образованието и перспективите за индустриски развој и автоматизација во Европската унија".

Предавањето побуди голем интерес кај вработените и колегите од стопанството.

## ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

JOHNSON CONTROLS

На ден 25.11.2005, со почеток во 9:30 во новата зграда на МФС свечено ќе се отвори центарот за обука "Johnson Controls". Центарот е опремен со најнова информатичка опрема и е подготвен за држење на обука според светските стандарди соодветни на оваа компанија. Со центарот ќе раководи проф. д-р Татјана Кандикјан.

Воедно, истиот ден во Амфитеатарот на МФС со почеток во 12:30 ќе се одржи посебно предавање на тема: "Што е Six Sigma?" од Mr. Bogoljub "Bob" Velanovich, Vice President Automotive Group, Johnson Controls. Темата на предавањето е запознавање со еден моќен метод за подобрување на производите и услугите преку подобрување на процесите со кои тие се извршуваат.

Ве покануваме да присуствувате на двата настани.

## МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ

Фондот "Научни истражувања" од Р. Бугарија го одобри проектот "Механо-математичко моделирање и испитување на динамичките системи во транспортната техника". Во него учествуваат Техничките универзитети од Софија и Варна и Машинскиот Факултет од Скопје.

Координатор на проектот од наша страна е проф. д-р Иван Мицковски.

## КОНКУРС TEMPUS JEP ПРОЕКТИ

Во тек е конкурсот за аплицирање на ТЕМПУС JEP проекти со рок до 15.12.2005. Документите за аплицирање можат да се симнат од web страна: http://europa.eu.int/comm/education/programmes/tempus/index_en.html

## ЛИЧНИ СТРАНИ ЗА ВЕБ НА МФС

Почитувани колеги, Ве замолуваме да ги доставите податоците за личните страни согласно добиените упатства.

## ПОСЕТА НА КОЗЛОДУЈ

Студентите од IX семестар од насоката ЕМИ при МФС, на ден 04 и 05.11.2005, зедно со групата студенти од ЕТФ од насоката Енергетика, реализираа теренска настава во Нуклеарната централа Козлодуј во Бугарија.Треба да се нагласи дека студентите имаа можност да ги видат основните елементи од нуклеарната централа, а со оглед на фактот што I-от и II-от блок се исклучени, имаа можност да ја посетат и командната сала.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

1. Асс. м-р Виктор Гаврилоски, на ден 14.11.2005 успешно ја одбрани својата докторска дисертација.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Атанаско Тунески од 30.10. до 6.11.2005, учествуваше на првиотот состанок на Конзорциумот од Tempus Jep проектот под наслов :"Development of Environmenal and Resources Engineering Curriculum" кој се одржа во Фиренца, Италија.

2. Доц. д-р Валентина Гечевска, од 3 до 6.11.2005 оствари службено патување во Италија заради учество на start-up meeting за Темпус проектот JEP-19028-2004 Development of Environmenaal and Resources Engineering Curriculum".

3. Доц. д-р Атанас Кочов, од 6 до 12.11.2005 и од 18 до 21.11.2005 престојуваше во Словенија заради продолжување на активностите на сора-ботка помеѓу CIRKO-MES-CE и TESOS од Словенија.

4. Проф. д-р Миле Димитровски, од 7 до 12.11.2005 учествуваше на обуката на лицата кои како преставници од Р.Македонија треба да станат членови на Техничкиот комитет во CEN и CENELEK, во Данска.

5. Проф. д-р Тодор Аџиев, на 9 и 10.11.2005 престојуваше во Бугарија, заради продолжување на активностите за соработка со колегите од Институтот за металознание при Бугарската Академија на науки.

6. Проф. д-р Славе Јакимовски и пом. асс. Кристина Јакимовска на 12.11.2005 учествуваа во работата на Есенската Школа за одржување на машини и опрема, во Белград, СиЦГ.

7. Проф. д-р Илија Петровски од 17 до 20.11.2005 оствари посета на Машинскиот факултет во Белград, СиЦГ.

8. Проф. д-р Делчо Јованоски, на 19.11.2005, реализира посета на грчка институција заради подготовка на проект за преструктуирање на претпријатијата во Македонија.

9. Проф. д-р Драги Данев од 16 до 20.11.2005 реализира службено патување во Словенија и Италија. Цел на службеното патување е водење разговори за процесот на прилагодување на националното законодавство на Словенија од областа на моторните возила кон ЕУ директиви во Министерството за транспорт на Република Словенија.

10. Проф. д-р Милан Ќосевски од 16 до 20.11.2005 учествуваше на меѓународната конференција под наслов: "Present and futuru chalenges for engineering education and reseach in Europe" која се одржа во Фиренца, Италија.

11. Проф. д-р Душан Чакмаков од 20 до 23.11.2005 учествуваше на научниот собир "EUROCN 2005" на која го презентираше својот реферат под наслов: "Handwritten Digit Recongnition bu Combining SVM Classifiers", во СиЦГ.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**24.11.2005**
**13 СЕДНИЦА НА ННС**

**29.12.2005**
**14 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*